*Република Северна Македонија*
*МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА*
*Бр. 05-3169/1*
*26. 06. 2019 2019 година*
*Скопје*

Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки (“Службен весник на РМ“ бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05. 2019 година, **по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски** ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### за јавна набавка

1.За потребите на Министерство за правда, потребно е да се спроведе постапка – постапка од мала вредност за доделување на договор за јавна набавка на услуги и тоа: услуга за одржување, сервисирање и редовна замена на моторно масло на дизел електрични агрегат.

1.1.Предмет (вид) на набавка: набавка на услуга за одржување, сервисирање и редовна замена на моторно масло на дизел електрични агрегат.

1.2. Предметот на набавка е неделлив.

1.3 Поради природата на предметот и целисходнаста на постапката предметот на набавката е неделив.

2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 200.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ 18% во вредност од 36.000 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 236.000,00 денари

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424 – договони услуги, средства предвидени во буџетот на Министерство за правда за 2019 година.

**3.** Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка

Постапката да се спроведе согласно **член 48**, од Законот за јавните набавки (“Службен весник на РМ“ бр.24/19), односно со спроведување на **набавка од мала вредност**, за

Digitally signed by
Oliver Ristovski
Date: 2019.06.26
11:06:31 CEST

*доделување на договор за јавна набавка на услуги со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која завршува со електронска аукција како последна фаза.*

4. *Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно* ***член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена понудена по спроведена електронска аукција преку ЕСЈН.***

5. *Плаќањето на предметот на набавка ќе се изврши вирмански со доставување на фактура во законски утврдениот рок во архивата на Министерство за правда.*

6. *Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на услуги.*
7. *За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:*
    1. *Петар Мирковиќ претседател на комисија за јавни набавки*
    2. *Кариман Авзији член на комисија за јавни набавки*
    3. *Јетон Халили член на комисија за јавни набавки*
    4. *Никола Бабановски заменик претседател на комисија за јавни набавки*
    5. *Берат Мехмеди заменик член на комисија за јавни набавки*
    6. *Зоран Георгиевски заменик на комисија за јавни набавки*

8. *Се задолжува комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од* ***член 79*** *од Законот за јавните набавки.*
9. *За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.*

10. *Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.*

### *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

*Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-692/1 од 28.01.2019 година и Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05.2019 година на Министерство за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги за одржување, сервисирање и редовна замена на моторно масло на дизел електрични агрегат.*

Предмет на набавка е набавка на услуга за одржување, сервисирање и редовна замена на моторно масло на дизел електрични агрегат.

Предметот на набавка е неделлив, поради тоа што услугата е поцелисходно и оправдано да ја извршува како неделива набавка.

Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

По овластување на Министер за правда

Заменик Министер

Оливер Ристовски

Подготвил: Марина Миновска, Советник

Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение